Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-38/18
10-07-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-746/1 од 16.10.2023 година, поднесена од [redacted] од Битола, преку полномошник адвокат [redacted] од Битола, со седиште на [redacted] во Битола, против лицата [redacted] на ООУ "Тодор Ангелевски" од Битола, Комисија за трансформација на работен однос при Општина Битола во претходен состав – претседател [redacted] Комисија за трансформација на работен однос при Општина Битола во постоен состав – претседател [redacted] за сторена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус – степен на образование, стручна подготовка и работно искуство, во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** кон [redacted] од Битола по основ на политичко уверување, лично својство и општествен статус – степен на образование, стручна подготовка и работно искуство во областа на работата и работните односи, сторена од страна на лицата [redacted] ООУ "Тодор Ангелевски" од Битола, Комисија за трансформација на работен однос при Општина Битола во претходен состав – [redacted] и Комисија за трансформација на работен однос при Општина Битола во постоен состав – [redacted] членови [redacted]

## О б р а з л о ж е н и е

На 16.10.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка од страна на [redacted] од Битола, преку полномошник [redacted] од Битола, со седиште на [redacted] во Битола, против лицата [redacted] "Тодор Ангелевски" од Битола, Комисија за трансформација на работен однос при Општина Битола во претходен состав – [redacted] Комисија за трансформација на работен однос при Општина Битола во постоен состав – [redacted] за сторена директна дискриминација врз основа на лично својство и општествен

статус – степен на образование, стручна подготовка и работно искуство во областа на работата и работните односи.

Во претставката се наведува дека со Решение бр. 253/2 од 31.08.2023 година донесено од директорот на ООУ "Тодор Ангелевски" во Битола, г-дин [redacted], на лицето [redacted] од Битола, вработена со Договор за вработување на определено време бр. 04-451/1 од 16.12.2022 година во ООУ "Тодор Ангелевски" во Битола, на работно место – наставник по одделенска настава – и престанал работниот однос заклучно со 31.08.2023 година поради престанување на важноста на договорот за вработување – со истек на рокот за кој бил склучен, како што било наведено во воведот и изреката на решението. Подносителката има завршено високо образование Педагошки факултет во Битола и стекнат стручен назив – Дипломиран учител од 08.12.2016 година и има положено стручен испит за наставник од 02.12.2019 година, а поседува и Потврда за проценка на карактеристиките од 2019 година. Именуваната работела како наставник по одделенска настава на определено време во ООУ "Тодор Ангелевски" во Битола, сметано од 07.03.2018 година па се до престанокот на работниот однос, во период од 5 (пет) години и 6 (шест) месеци, со прекини, со Договори за вработување на определено работно време. Во претставката е наведено дека пред склучување на сите договори за вработување на именуваната добивани биле согласности од Општина Битола и Министерство за образование и наука и стоела напомена дека основ за прием на работникот е старо финансирање.

Понатаму, се наведува дека со Решението за престанок на работниот однос на подносителката и се вршела директна дискриминација врз основа на личен или општествен статус – степен на образование, стручна подготовка и работно искуство, од страна на директорот на ООУ "Тодор Ангелевски" од Битола со тоа што на именуваната и престанал работниот однос, но на нејзино место се вработил друг одделенски наставник – [redacted] за која се наведува дека имала помало работно искуство и несоодветно образование, односно немала положено стручен испит.

Се напоменува дека работното место на кое работела подносителката било слободно, за пополнување на истото имало трајна потреба од причина што истото било упразнето по основ на пензионирање.

Во претставката се наведува дека со оглед да работниот однос на подносителката во училиштето траел 5 (пет) години и 6 (шест) месеци, истиот требало да биде трансформиран од определено на неопределено работно време. Во овој контекст во претставката се наведува дека дискриминаторски постапки се повторувале и од страна на Комисиите за трансформација на работен однос при Општина Битола при поднесувањето на Барања за трансформација на нејзиниот работен однос од определено на неопределено време.

Имено, подносителката поднела Барање за трансформација на работниот однос од определено на неопределено време до ООУ "Тодор Ангелевски" од Битола на 08.11.2021 година по основ на стаж повеќе од 2 (две) години како одделенски наставник во училиштето. Од страна на претходниот директор на училиштето било доставено

Барање со комплетна документација за трансформација на работниот однос на [redacted] и други двајца наставници до Комисијата за трансформација на работниот однос при Општина Битола. Комисијата се состанала на 09.11.2021 година во непотполн состав затоа што еден од членовите - [redacted] иако уредно поканет, одбил да присуствува во работата на Комисијата, а останатите членови ги разгледале документите и утврдиле на кои вработени требало да им се трансформира работниот однос и целокупната документација за сите наставници била доставена до Министерство за образование и наука (во понатамошниот текст: МОН). Од страна на МОН на 19.11.2021 година документите биле вратени до Општина Битола со образложение дека Записникот на Комисијата не бил потпишан од тројцата, односно сите членови на истата. По ова, односно по промена на локалната власт формирана била нова Комисија па од страна на работодавачот на [redacted] поднесено е ново, второ Барање до оваа Комисија на 09.12.2021 година, но по непостапување на Комисијата за трансформација на работен однос по изминат период од две учебни години, Комисијата ги вратила документите при што не биле наведени фактите за тоа што таа утврдила од аспект на исполнетост или неисполнетост на условите за трансформација на работниот однос. Според подносителката наведеното е преседан и претставува дискриминација доколку се земело предвид дека новоформираната Комисија за трансформација на работен однос при Општина Битола од декември 2021 година до моментот на поднесување на претставката одржала само две седници, една на ден 30.05.2021 година и втора на 29.07.2022 година, одлучувајќи по Барања за трансформација на работниот однос на наставници по предметна настава во средни училишта, но не и за наставници од основни училишта. На овој начин, се наведува во претставката, одделенските наставници се соочувале со самоволие на Комисијата, односно нејзините членови во целост, при тоа неможејќи да ги остварат своите стекнати права од работен однос.

Во претставката е наведено дека поднесено било уште едно, трето Барање за трансформација на работен однос од 27.04.2023 година, кога именуваната имала повеќе од 5 (пет) години работно искуство, по што добила Известување од 04.05.2023 година дека документи за трансформација на работниот однос биле доставени до Општина Битола – Комисија за трансформација на работен однос, но од Општината било одговорено дека со оглед да во тек била судска постапка пред Апелационен суд Битола, се чекала одлуката на судот па во зависност од истата, Комисијата ќе постапела и ќе ја испочитувала истата. Во претставката е дадено појаснување дека судската постапка по претходните барања на [redacted] била завршена со негативна одлука за именуваната, но поведена била постапка по вонреден правен лек – Ревизија пред Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Според подносителката сето горенаведено говорело дека од страна на директорот на училиштето не е постапено согласно одредбите од Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта што претставувало несовесност во вршење на службата како и злоупотреба на службената положба и овластување.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Заради соодветно постапување по претставката, Комисијата на 27.10.2023 година по електронски пат достави до полномошникот на подносителката Барање 08-746/2 за доуредување на претставката и доставување на дополнителни податоци за тоа:

1. Дали [redacted] работела во ООУ "Тодор Ангелевски" во Битола во континуитет од 2 (две) години (со оглед да во претставката е наведено дека има работно искуство од 5 години и 6 месеци со прекини),

2. Дали работното место на кое работела и за кое истекол оговорот за вработување на определено време било пополнето во моментот на поднесување на претставката,

3. По кој основ конкретно е упразнето работното место на кое именуваната работела како одделенски наставник,

4. Со оглед да во претставката е наведено дека се воделе повеќе судски постапки, побарано е да се наведе колку постапки се водат, пред кои судови, што е предмет на споровите и како истите се завршени и

5. Да се наведе основот или основите заради кои подносителката смета дека врз неа е сторена дискриминација.

На 30.10.2023 година до Комисијата преку електронска пошта е доставено бараното доуредување од страна на подносителката на претставката [redacted] заведено под архивски број 08-746/3, со кое се доставуваат следните податоци,

1. Подносителката работела во континуитет во ООУ "Тодор Ангелевски" и има 2 години работен стаж со прекини во истото училиште, а вкупно 5 (пет) години и 6 (шест) месеци во истото училиште,

2. Договорот за работа на подносителката не и е продолжен. Работното место е пополнето од наставник [redacted] која не ги исполнува условите според Закон за основното образование.

3. Работното место на кое работела како одделенски наставник било упразнето по основ на пензионирање.

4. Прв пат [redacted] поднела тужба до Основен суд Битола, основ на истата е Трансформација на работен однос и по истата добила позитивна одлука, Втор пат именуваната поднела тужба пред Основен суд Битола, повторно основ Трансформација на работен однос која постапка пред судот е во тек и последна Трета тужба поднела пред Основен суд Битола исто така основот е Трансформација на работен однос и оваа постапка исто така е во тек пред судот.

5. Последно во доуредувањето се наведува дека дискриминацијата врз подносителката е сторена врз основа на политичко уверување.

На 14.11.2023 година Комисијата достави Барање за произнесување по наводи во претставка број 08-746/4 до директорот на ООУ "Тодор Ангелевски" од Битола. На 06.12.2023 година од ООУ "Тодор Ангелевски" од Битола пристигнат е Одговор на барање заведен под број 03-363/1 од 24.11.2023 година. Во истиот се наведува дека претставката поднесена од [redacted] во целост била неоснована и содржела наводи кои биле целосно спротивни на фактичката состојба. Се наведува дека од страна на [redacted] бил заведен судски спор пред Основен суд Битола РО-325/22, завршен со Пресуда на Апелационен суд Битола РОЖ 5/23. Тужбеното барање се однесувало на Трансформација на работен однос и истото било одбиено. Видни биле од образложението на Пресудата причините заради што била донесена ваква одлука. Според наведеното во конкретниот случај воопшто не станувало збор за дискриминација по ниту еден основ. Потребата од пополнување на работното место била во целост во согласност со планот и програмата на Општина Битола каде се вршело евалуација на потребата и бројот на наставници за извршување на образовниот процес. Кон произнесувањето приложена е Пресуда на Апелационен суд Битола РОЖ-5/23 од 19.04.2023 година.

На 14.11.2023 година Комисијата испрати Барање за произнесување по наводи во претставка заведено под број 08-746/6 до членовите на поранешната Комисија за трансформација на работен однос при Општина Битола. На 06.12.2023 година до Комисијата е пристигнат Допис бр. 09-52/2 од 29.11.2023 година потпишан од Виш државен просветен инспектор [redacted] во кој се наведува дека поранешната Комисија за трансформација на работен однос на 09.11.2021 година ги разгледала и ја доставила комплетната документација за лицата кои ги исполнувале условите за трансформација на работниот однос до МОН. На записникот според наведеното не се потпишал претставникот од [redacted] Од страна на потпишаната, на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и е посочено дека доколку е потребен Записникот од поранешната Комисија за транформација на работен однос и пропратното писмо, да се обрати до Општина Битола бидејќи во архивата на општината била целокупната документација.

На 14.11.2023 година Комисијата испрати Барање за произнесување по наводи во претставка број 08-746/5 до членовите на постојната Комисија за трансформација на работен однос при Општина Битола. На 04.01.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигнато е Произнесување бр. 41-349/1 од 13.12.2023 година на Комисија за трансформација на работен однос при Општина Битола.
Во произнесувањето се наведува дека во претставката подносителката изнесува наоди и се повикува на факти кои не се однесуваат на сторена дискриминација туку напротив за наводно нејзино исполнување на законски услови за трансформација на работен однос од определено на неопределено работно време. За ваквите околности и факти подносителката пропуштала да ја извести Комисијата дека пред Основен суд Битола се водела постапка за трансформација на работен однос на [redacted]

за која правна работа постоела правосилна судска Пресуда РОЖ 5/23 на Апелационен суд Битола со која тужбеното барање на тужителката било одбиено како неосновано. Следствено на ова, според наводите подносителката само се обидувала да врши притисок со цел добивање на поволност за себе за која веќе со судска пресуда било утврдено дека не и следува. Се наведува дека дискриминација не можела да се изврши врз основа на судска пресуда, така што наводите во претставката биле неосновани. Воедно за околностите наведени во претставката кои се однесуваат на работењето на подносителката во ООУ "Тодор Ангелевски" од Битола, се посочува дека доколку Договорот за вработување на [redacted] и бил откажан неоправдано, заштита се остварувала во судска постапка согласно член 181 од Законот за работни односи, најпрво со приговор, а потоа тужба во рок од 15 дена.

Во произнесувањето исто така се наведува дека подносителката на претставката во предметната постапка за заштита од дискриминација требала да стори веројатно или во најмала рака да ги постави основите на случајот дека кај неа имало дискриминација по било која основа, односно дека подностелката требала да наведе во кој друг случај е постапено различно од нејзиниот. Ниту директорот на ООУ "Тодор Ангелевски" од Битола, ниту Комисијата за трансформација на работниот однос, ниту било кој друг со подносителката не постапил поинаку од она како се постапило или постапувало со други кандидати, односно лица. Ниту за другите била одржана Комисија или донесено решение различни од она за подносителката, ниту пак со лицето за кое посочува во претставката бил склучен договор за вработување во училиштето на неопределено работно време.

По однос на наводите во претставката кои се однесуваат на тоа дали во училиштето имало трајна потреба од работник, начинот на кој е упразнето работното место, дали се обезбедени финансиски средства, според произнесувањето тоа требало да се утврди во постапка и на начин утврдени со закон. Постапката и начинот за утврдување на овие услови биле пропишани со Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, конкретно член 66 од законот, а одредбата била таква затоа што токму на тој начин наназад голем број работни односи се трансформирале од определено на неопределено работно време иако реална потреба за тоа не постоела. Детално се појаснува дека со одредбата од член 66 став (1) алинеја 5 било предвидено како услов за трансформација најпрво да се утврди факт дека со вработувањето на наставникот, односно стручниот соработник нема да се предизвика технолошки вишок. Ова било во согласност со со насоките на МОН со кои јасно било ставено до знаење дека пред да се даде мислење од општинските комисии, прво требало да се направи анализа на број на поднесени барања, број на упразнети работни места, број на вишок наставен кадар и можност за пополнување на работните места со постоен работен кадар во определени училишта и реална бројка на наставници кои недостасувале па врз основа на така утврдениот број да се даделе определен број на согласности за оние наставници кои ги исполнувале условите и за кои таквата трансформација немало да предизвика технолошки вишок.

На 11.01.2024 година Комисијата се обрати со Допис – Потреба од произнесување број 08-38/3 до Министерство за образование и наука заради добивање на податоци во врска со законските надлежности на министерството, постапувањата и насоките дадени на единиците на локалната самоуправа и општинските училишта по однос на прашањето кое е предмет на претставката за заштита од дискриминација.

На 08.02.2024 година пристигнат е Одговор бр. 08-574/2 од 24.01.2024 година на Министерство за образование и наука во кој е наведено дека министерството со Допис бр. 12-666/1 од 12.01.2024 година доставило Одговор до Општина Битола во кој известило дека согласно доставените Прилог документи за трансформација на работен однос, односно доставениот Извештај од Комисијата за трансформација на работен однос бр. 08-969/1 од 07.09.2023 година истиот не бил подготвен согласно член 66 став (5) од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта. Наведеното со оглед да во Извештајот недостасувал предлогот за трансформација кој се доставувал само за наставник, односно стручен соработник кој ги исполнувал условите за трансформација на работниот однос согласно наведениот член. Исто така се наведува дека Извештајот со предлогот за трансформација кој се доставува само за наставник, односно стручен соработник кој ги исполнувал условите за трансформација на работен однос потребно било да содржи и анализа на работните места на ниво на училиште и на општина и истиот задолжително требало да биде потпишан од сите членови на Комисијата за трансформација. Следствено, Министерството за образование и наука ќе постапело согласно позитивните законски прописи по доставување на Извештај со Предлог за трансформација на работен однос согласно член 66 од Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта.

На 11.01.2024 година Комисијата се обрати до директорот на ООУ “Тодор Ангелевски” од Битола со Барање за дополнителни податоци број 08-38/4, односно заради потребата да се достави Одговор за тоа

1. Дали работното место на кое работела подносителката [redacted] – одделенски наставник – е пополнето и од кога,

2. Доколку е пополнето да се наведе по кој основ и со каков вид Договор – на определено или неопределено време и

3. Да се наведат податоци за лицето – име и презиме, вид и степен на образование, дали лицето има положено приправнички или стручен испит и работен стаж.

На ова Барање од страна на директорот на ООУ “Тодор Ангелевски” од Битола доставен е Допис 03-24/1 од 23.01.2024 година, примен во Комисија за спречување и заштита од дискриминација на 26.01.2024 година, во кој е наведено дека во тек биле три судски постапки помеѓу лицето [redacted] и училиштето и дека сите потребни документи биле доставени до надлежните судови, па од овие причини од страна на директорот се предлага да се почека исходот од судските постапки.

На 02.02.2024 година во Комисијата пристигнат е Допис бр. 08-64/2 од 17.01.2024 година, препратен од Државен просветен инспекторат, а прибавен од Виш државен инспектор [redacted] во кој се наведува дека Претседател на Комисијата за трансформација на работен однос при Општина Битола е претставник на Државен просветен инспекторат, а членовите на Комисијата се претставници на Општина Битола и на синдикалната организација која ги застапува интересите на наставниците – СОНК. Комисијата за трансформација на работен однос при Општина Битола се имала произнесено по однос на претставката на [redacted] од Битола па следствено според наведеното, сите релевантни известувања, наводи и факти по однос на претставката биле дадени во Дописот насловен како Произнесување од Комисијата за трансформација на работен однос при Општина Битола.

На 09.02.2024 година Комисијата втор пат испрати Известување 08-38/8 до директор на ООУ "Тодор Ангелевски" од Битола со кое укажа дека бараните дополнителни податоци се согласно член 30 став (1) од Законот за спречување и зашттиа од дискриминација и повторно побара истите да бидат доставени. НАПОМЕНА- До денот на подготовка на ова Мислење бараните податоци не се доставени од страна на директорот на ООУ "Тодор Ангелевски" од Битола, што претставуваше отежнувачка околност во постапувањето на Комисијата во постапката по претставката на подносителката [redacted].

На 14.02.2024 година Комисијата достави до Министерство за образование и наука Допис бр. 08-38/9 со кој го побара Записникот број 08-956/1 од 09.11.2021 година на Комисија за трансформација на работен однос при Општина Битола, во фотокопие. На 23.02.2024 година во Комисијата е пристигнат Допис број 12-2381/2 од 22.02.2024 година на Министерство за образование и наука во прилог на кој е доставен Записник бр. 08-956/1 од 09.11.2021 година на Општинска Комисија за трансформација на работен однос од определено на неопределено време. Во Записникот е наведено дека на состанокот одржан на 09.11.2021 година присуствувале [redacted] – државен просветен инспектор при Државен происветен инспекторат и [redacted] – Раководител на сектор за финансии при Општина Битола. Се наведува дека <u>на состанокот не присуствувал [redacted] – Претседател на регионален одбор на СОНК – кој иако уредно поканет преку СМС порака за одржување на состанокот на Комисијата, ОДБИЛ да присуствува во работата на комисијата за оставрување на правата на работниците од работен однос.</u>

На 22.03.2024 година Комисијата достави Допис број 08-38/12 до Министерство за образование и наука заради потребата од добивање на податок за тоа:

– Дали во периодот од 01.01.2021 година до денот на подготовка на предметниот допис е дадена согласност од страна на МОН за трансформација на работен однос од определено на неопределено работно време на наставен кадар (одделенски наставници) во ООУ "Тодор Ангелевски" од Битола.

Во врска со наведеното, на 13.05.2024 година во Комисијата пристигнат е Одговор на барање од МОН бр. 12-3576/2 од 29.03.2024 година во кој е наведено дека МОН во наведениот период, односно од 01.01.2021 година па се до изготвувањето на дописот **<u>ИМА дадено согласност за трансформација на работен однос</u>** од определено на неопределено работно време **<u>за 2 ( ДВЕ ) ЛИЦА во ООУ "Тодор Ангелевски" од Битола</u>**.

Во меѓувреме, на 25.03.2024 година подносителката на претставката [redacted] достави електронска порака – Кратко резиме за претставка бр. 08-746 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, по електорнски пат. Во резимето подносителката наведува дека почнувајќи од ноември 2021 година, кога имала исполнето 2 години работен стаж, па до денот на доставувањето на истото, во неколку наврати Комисијата за трансформација на работниот однос при Општина Битола извршила дискриминација кон неа со тоа што селективно постапувала кон нејзините документи за разлика од другите наставници. Првиот пат во ноември 2021 година оваа Комисија ги проследила нејзините документи до МОН, но истата во нецелосен состав ги потпишала документите, односно Записникот (ова според наведеното е напаравена за неа и за двајца нејзини колеги за разлика од неколкумина други нејзини колеги). Документите биле вратени од МОН како нецелосни. Во следните наврати откако ќе доставела барање (за трансформација на работен однос) до директорот на училиштето - или не добивала одговор или добивала одговори со недоволно информации за тоа дали нејзините документи биле испратени до Комисијата за трансформација на работен однос при Општина Битола и што таа одлучила. По престанокот на нејзиниот работен однос во училиштето, наведува дека на нејзино место директорот на училиштето вработил одделенска наставничка без положен приправнички испит, иако во огласот било наведено дека приправничкиот испит ќе се земе како предност. Наставничката работела на нејзиното место до денот на доставувањето на резимето. Понатаму подносителката на претставката наведува дека и покрај барањата на родителите до Оптина Битола, до МОН, до градоначалникот на Општина Битола и Советот на општината, како и до директорот на училиштето, подносителката да остане наставничка на нивните деца, нивните барања биле игнорирани, а работното место пополнето со друг одделенски наставник – [redacted] На крајот подносителката наведува дека се апсурдни ставовите на директорот на училиштето и Комисијата за трансформација на работен однос при Општина Битола дека се чекала некаква судска одлука за да постапат и наоѓа дека нивното работење и нивните постапки во спроведување на законските прописи се независни од судската одлука. На крај наведува дека таа чека судска одлука токму заради прекршување на нејзините права, а не дополнително да не и се почитуваат истите.

На 15.04.2024 година Комисијата достави Барање бр. 08-38/14 до Министерство за труд и социјална политика заради добивање на следните податоци

1. Дали Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК, се води во регистар на синдикати при министерството надлежно за работите од областа на трудот и

2. Дали од страна на министерството надлежно за работите од областа на трудот е донесено решение согласно член 213-г став (2) од Закон за работните односи за репрезентативност на синдикатот и кога истото е донесено.

Во врска со ова на 30.04.2024 година, пристигнато е Известување со архивски број 08-3439/2 од 29.04.2024 година од Министерство за труд и социјална политика, заведено во Комисијата со број 08-38/15, во кое е наведено дека Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК, е запишан во Регистар на синдикати кој се води во Министерство за труд и социјална политика, а во врска со прашањето за репрезентативност се известува дека истиот во моментот на достава на дописот нема репрезентативност.

На 15.05.2024 година во Комисијата е пристигнат Одговор бр. 09-124 од 27.03.2024 година од Државен просветен инспекторат, заведен со архивски број на Комисијата 08-38/17. Во Одговорот се наведува дека трансформацијата на работниот однос во редовен работен однос на наставниот кадар е уредена со одредбата од член 89 од Закон за основно образование и член 66 од Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта. Согласно член 162 од Закон за основно образование и член 67 од Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Министерството, а инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Државниот просветен инспекторат и овластените инспектори на општините, согласно со закон, заради што се упатува дека прибирање на податоци и информации за конкретниот случај може да се побараат и од Општина Битола. Во одговорот хронолошки се наведени Договорите за вработување на лицето [redacted] во ООУ "Тодор Ангелевски" од Битола и М1/М2 обрасците, а се наведува и дека именуваната работела со полно работно време, поточно со полн фонд на часови и престанокот на работниот однос и бил по основ на истек на Договор за вработување.

Имено, во член 9 од Уставот на државата е уредено дека *Граѓаните се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.*

Согласно член 5 став (1) од Закон за основно образование[1], *Во основното воспитание и образование се забранува секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување по основ на пол, раса, боја на кожа, национално или*

[1] „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19 и 229/20

*етничко потекло, попреченост, род, сексуална ориентација, родов идентитет, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, други видови уверувања, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба и општествен статус или која било друга основа која е предвидена со закон или со меѓународен договор ратификуван согласно со Уставот на Република Северна Македонија во остварување на правата од основното образование*. Во став (2) од истиот член е уредено дека *Се забранува секој облик и вид на дискриминација во основното образование и тоа, меѓудругото и во вработувањето, кариерното напредување и престанок на вработувањето*. Став (5) од истиот член уредува дека *Забраната за дискриминација се однесува и на дискриминација кон вработените во основните училишта врз која било од основите од ставот (1) на овој член.* Во член 82 став (1) од овој закон е предвидено дека *Вработените во основните училишта кои вршат воспитно-образовна работа во дејноста основно образование, имаат статус на даватели на јавни услуги во основното образование и се вработуваат согласно со одредбите од Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта.*

Во член 89 од Закон за основно образование е уредена Трансформацијата на работниот однос, па во став (1) е уредено дека *Во дејноста на основното образование трансформацијата на работниот однос од определено во неопределено време е дозволена само ако: - воспитувачот има работен стаж повеќе од две години во воспитно-образовна установа верифицирана од министерството, со прекин или без прекин, - воспитувачот е на работното место за кое се бара трансформација, испразнето по основ на пензионирање, отказ, смрт или други основи и се обезбедени финансиски средства, - воспитувачот ги исполнува условите предвидени во нормативот за воспитувач, - работодавачот утврди дека има трајна потреба од воспитувач и истото нема да предизвика технолошки вишок, - воспитувачот има положен стручен испит и - е добиена согласност за трансформација на работен однос од Министерството.* Став (2) уредува дека *Барањето за трансформација на работен однос, училиштето го доставува до Комисијата за трансформација на работен однос која ја формира градоначалникот на општината, односно министерот за државните основни училишта и е составена од три члена, и тоа: по еден член од општината, односно Министерството, Државниот просветен инспекторат и репрезентативниот синдикат за образование. Претседател на комисијата за трансформација е претставникот од Државниот просветен инспекторат.* Понатаму, *во став (4) од истиот член е уредено дека Кон барањето за трансформација на работниот однос, училиштето до Комисијата за трансформација доставува: - извештај за остварен работен стаж од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија, - изјава од директорот на училиштето дека постојното работното место за кое се бара трансформација е испразнето по основ на пензионирање, отказ, смрт или други основи и се обезбедени финансиски средства, - изјава од директорот на училиштето дека има трајна потреба од лицето и нема да предизвика технолошки вишок, - копија од диплома/уверение за завршено соодветно образование согласно со нормативот, - копија од уверение за положен стручен испит и - анализа на работните*

*места на ниво на училиште.* Согласно став (5) *Комисијата за трансформација врши проверка на доказите н и изготвува извештај со предлог за трансформација само за лицата кои ги исполнуваат условите за трансформација на работен однос. Извештајот со предлогот потребно е да содржи и анализа на работните места на ниво на училиште и на општина и истиот задолжително треба да биде потпишан од сите членови на Комисијата за трансформација.* Став (6) определува дека *Комисијата за трансформација за општинските основни училишта извештајот со предлогот го доставува до Министерството,* па во став (10) се уредува дека *Министерството врз основа на извештајот со предлогот за лицата кои ги исполнуваат условите за трансформација на работен однос дава согласност за трансформација на работниот однос.* На крај став (11) уредува дека *Директорот на основното училиште врз основа на дадената согласност во рок од седум дена од денот на добивањето на согласноста, донесува одлука за трансформација на работниот однос.* Во член 113 од овој закон е уредена Надлежноста на директорот па во истиот е определно дека *Директорот ги врши следниве работи (помеѓу останатите): - го застапува и претставува училиштето и е одговорен за законито работење, - врши избор на наставници, стручни соработници, и друг административно-технички кадар согласно со закон и актите на училиштето, - врши распоредување на наставници, стручни соработници, и друг административнотехнички кадар, - одлучува за престанок на работен однос на наставници, стручни соработници и воспитувачи и друг административно-технички кадар согласно со закон и колективен договор.*

Во Глава X од Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта[2], со наслов Транформација на работниот однос на наставник и стручен соработник, во член 66 е уредено дека *Во дејноста на основното и средното образование трансформацијата на работниот однос од определено во неопределено време е дозволена само ако: - наставникот, односно стручниот соработник има работен стаж повеќе од две години во воспитно-образовна установа верифицирана од Министерството, со прекин или без прекин, - наставникот, односно стручниот соработник е на постојно работното место ослободено по основ на пензионирање, отказ, смрт или други основи и се обезбедени финансиски средства за кое се бара трансформација, - наставникот, односно стручниот соработник ги исполнува условите предвидени во нормативот за наставник/стручен соработник, - наставникот, односно стручниот соработник има положен стручен испит и - работодавачот утврди дека има трајна потреба од наставникот, односно стручниот соработник и истото нема да предизвика технолошки вишок и - е добиена согласност за трансформација на работниот однос од Министерството.* Понатаму, *Барањето за трансформација на работен однос, училиштето го доставува до комисијата за трансформација на работен однос која ја формира градоначалникот на општината, односно градоначалникот на Град Скопје, односно министерот за државните основни и средни училишта и е составена од три члена и тоа: по еден член од општината/Град Скопје, односно*

[2] Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 161/2019

*Министерството, Државниот просветен инспекторат и претставник од репрезентативниот синдикат за образование. Претседател на комисијата за трансформација е претставник од Државниот просветен инспекторат.* Следно, *Кон барањето за трансформација на работниот однос, училиштето до комисијата за трансформација доставува: - извештај за остварен работен стаж од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија, - изјава од директорот на училиштето дека работното место за кое се бара трансформација е ослободено по основ на пензионирање, отказ, смрт или други основи и се обезбедени финансиски средства, - изјава од директорот на училиштето дека има трајна потреба од наставникот, односно стручниот соработник и нема да предизвика технолошки вишок, - копија од диплома/уверение за завршено соодветно образование согласно со нормативот, - копија од уверение за положен стручен испит и - анализа на работните места на ниво на училиште. Комисијата за трансформација врши проверка на доказите и изготвува извештај со предлог за трансформација само за наставник односно стручен соработник кои ги исполнуваат условите за трансформација на работен однос. Извештајот со предлогот потребно е да содржи и анализа на работните места на ниво на училиште и на општина/град Скопје и истиот* ***задолжително треба да биде потпишан од сите членови на Комисијата за трансформација****. Комисијата за трансформација за општинските основни, општинските средни училишта/град Скопје, извештајот со предлогот го доставува до Министерството. Министерството, врз основа на извештајот со предлогот за наставникот, односно стручниот соработник кој ги исполнува условите за трансформација на работен однос дава согласност за трансформација на работниот однос.*

Врз основа на сето гореизнесено, односно врз основа на наводите изнесени во претставката, произнесувањето на потенцијалните дискриминатори, како и целокупниот доказен материјал прибавен во постапката, беше утврдена следната фактичка состојба: подносителката [redacted] од Битола со Договор за вработување на определено време била вработена во ООУ "Тодор Ангелевски" во Битола како приправник за период од 07.03.2017 година до 31.08.2018 година. Работниот однос бил заснован на работно место – замена за директор. По ова има склучено Договор за вработување на определено време за период од 11.09.2018 година до 10.12.2018 година. Со Анекс кон Договорот, работниот однос и се продолжува до објавување оглас и избор на лице за соодветното работно место, но не подолго од 3 месеци. На 07.02.2019 година именуваната е пријавена во задолжително социјално осигурување како Одделенски наставник. Работното место на кое работела било упразнето по основ на пензионирање. Последен Договор кој го склучила именуваната е за вработување на определено време ООУ "Тодор Ангелевски" од Битола за период од 16.12.2022 година до 31.08.2023 година. По истекот на овој рок, нов Договор помеѓу училиштето и именуваната [redacted] не бил склучен. Именуваната поднела Барање за трансформација на работниот однос од определено на неопределно работно време до надлежните во училиштето на 08.11.2021 година по основ на стаж повеќе од 2 (две) години како одделенски наставник. Ова Барање од страна на претходниот

директор на училиштето, заедно со барања на други 2 (два) наставника, било доставено до Комисија за трансформација на работен однос при Општина Битола. Комисијата одржала состанок на 09.11.2021 година за што е сочинет Записник број 08-956/3 од кој е видно дека на состанокот биле присутни [redacted] – Државен просветен инспектор и [redacted] во Општина Битола, додека пак третиот член на Комисијата, [redacted] регионален одбор на СОНК, иако уредно поканет и известен за одржувањето на состанокот преку СМС порака, <u>ОДБИЛ да присуствува во работата на Комисијата</u> за остварување на правата на работниците од работен однос. На состанокот Комисијата во непотполн состав ги разгледала барањата и ја доставила до Министерство за образование и наука комплетната документација за лицата кои ги исполнувале условите за трансформација на работниот однос од определено на неопределено време. Од страна на министерството документите биле вратени до Општина Битола со образложение дека Записникот од одржаниот состанок на Комисијата не бил потпишан од сите три члена на истата. По формирање на нова Комисија за транформација на работниот однос при Општина Битола, од страна на работодавачот на [redacted] училиштето ООУ "Тодор Ангелевски" од Битола, поднесено е ново Барање за трансформација на работниот однос на именуваната на 09.12.2021 година, но по истек на период од 2 (две) учебни години и непостапување на Комисијата во наведениот период, истата ги вратила документите до подносителот при што училиштето го смета Барањето за трансформација за одбиено. На 27.04.2023 година поднесено е ново, трето Барање за трансформација на работниот однос на [redacted] по што на 04.05.2023 година добиено било Известување дека документите за трансформација на работниот однос биле доставени до Комисијата за трансформација на работниот однос при Општина Битола, но за постапување Комисијата ја чекала одлуката на надлежниот Апелационен суд Битола. За целиот период во кој се одвивале наведените настани, подносителката остварила работен стаж од 5 (пет) години и 6 (шест) месеци, а нејзиниот работен однос во училиштето престанал со истек на рокот на последносклучениот Договор за вработување на определено време, односно на 31.08.2023 година. Воедно за времетраење на наведениот период Министерството за образование и наука дало согласност за трансформација на работен однос од определено на неопределено време за други 2 (две) лица вработени во ООУ "Тодор Ангелевски" од Битола, па од наведеното следи дека Комисијата за трансформација на работен однос при Општина Битола доставило до министерството комплетна документација за трансформација на работниот однос за овие лица, но не и за подносителката на претставката [redacted] и покрај неколкуте барања за неа поднесени од страна на училиштето. Понатаму, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација до денот на изготвувањето на ова мислење не беше во можност да утврди дали работното место на кое работела подносителката [redacted], е пополнето со соодветен и стручен кадар, односно одделенски наставник поради одбивањето на директорот на училиштето да го достави овој податок до Комисијата. Крајно, училиштето не достави ниту еден релевантен доказ дека кон подносителката

на претставката [redacted] не е извршена дискриминација од страна на [redacted]

Воедно се утврди дека, Комисијата за трансформација на работен однос од определено на неопределено работно време при Општина Битола, е составена од 3 (три) члена, и тоа претставник на Државниот просветен инспекторат, кој е и претседател на Комисијата, еден претставник од општината и еден претставник на репрезентативниот синдикат за образование. Од друга страна пак, согласно член 162 од Закон за основното образование, *Надзор над спроведувањето на одредбите од законот и прописите донесени врз основа на него - врши Министерството за образование и наука додека пак* ***Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите на законот и прописите донесени врз основа на истиот врши Државниот просветен инспекторат и овластените инспектори на општините, согласно со закон.*** Следи дека во случај на потреба од спроведување на инспекциски надзор над работењето на Комисијата, истиот би требало да го спроведе претседателот на Комисијата за трансформација на работниот однос кој пак е претставник на Државниот просветен инспекторат, односно претседателот би требало да изврши инспекциски надзор над сопственото работење и спроведување на законот.

Со оглед на изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека кон подносителката на претставката [redacted] од Битола е сторена директна дискриминација во областа на работата и работните односи, а врз основа на политичко уверување и лично својство и општествен статус – степен на образование, стручна подготовка и работно искуство, од страна на [redacted] "Тодор Ангелевски" од Битола, Комисија за трансформација на работен однос при Општина Битола во претходен состав – [redacted] и Комисија за трансформација на работен однос при Општина Битола во постоен состав – [redacted]. Имено согласно член 6 од Закон за спречување и заштита од дискриминација, *Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други*, а согласно член 8 став (1) од истиот закон, *Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.* Наведеното со оглед да работното место на кое подносителката [redacted] работела како одделенски наставник во ООУ "Тодор Ангелевски" од Битола било упразнето по основ на пензионирање – старо финансирање и за пополнување на истото постоела трајна потреба, што пак е евидентно од континуитетот на Договорите за вработување кои именуваната ги склучувала со училиштето. Воедно уште при поднесеното прво Барање за

трансформација на работен однос од определено на неопределено работно време го исполнувала законскиот услов за повеќе од 2 (две) години работен стаж во воспитно-образовсна установа, а дополнително и клучно што за периодот од 2021 година – кога било поднесено првото барање за трансформација на работниот однос на именуваната, па до април 2024 година, МОН дало согласност за трансформација на работниот однос на 2 (две) лица во ООУ "Тодор Ангелевски" од Битола.

Во делот на наводите изнесени во претставката за несовесно работење во службата и злоупотреба на службената положба и овластување од страна на директорот на ООУ Тодор Ангелевски во Битола, Комисијата истакнува дека нема надлежност за постапување, па ја упатува подносителката заштита на своите права да побара пред правосудните органи во соодветна кривична постапка.

Со оглед на горното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 27 став (2) од Закон за спречување и заштита од дискриминација ја дава следната препорака:

- **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** [redacted] на ООУ "Тодор Ангелевски" од Битола, [redacted], во иднина да се воздржи од превземање односно непревземање на дејствија или постапки кои за последица имаат дискриминаторски однос кон вработените во училиштето и да им овозможи еднакви услови за остварување на правата од работен однос

- **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** претседателот на Комисија за трансформација на работен однос при Општина Битола, кој е и државен просветен инспектор и членовите на Комисија во иднина да се воздржат од превземање, односно непревземање на дејствија кои продуцираат нееднаков третман кон лица за кои се поднесени Барања за трансформација на работен однос и доследно, стручно и навремено да ги исполнуваат своите законски надлежности при проверка и проследување на ваквите барања до надлежните институции и на тој начин ќе им овозможат остварување на правата од работен однос на еднаква основа.

Доколку не се постапи согласно препораките, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став (4) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје,
04.07.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
- Министерство за образование и наука, ул. Св. Кирил и Методиј, бр. 54, Скопје
- [redacted]
- Комисија за трансформација на работен однос при Општина Битола [redacted]
- Архива на КСЗД